Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 204//0306
19.11 20 24 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на јавната седница одржана на 01.11.2024 година, врз основа на примена жалба од **Александар Стојановски** ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**

**ЖАЛБАТА Е РЕШЕНА СО МЕДИЈАЦИЈА**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителот Александар Стојановски до Извршната канцеларија на СЕММ, на 10.10.2024 г. упати жалба за медиумот „Независен“ (nezavisen.mk), за објавен текст поврзан со изградбата на станбено-деловен комплекс во Скопје, со наслов **„Нов елитен станбено деловен комплекс Порта Скопје by Adora – Општина Центар“**, објавен на онлајн медиумот „Независен.мк“, на 04.10.2024 година, со оценка дека медиумот го прекршил Кодексот на новинарите на Македонија.

Жалителот појаснил дека конкретно се жали за прикриено рекламирање и, меѓу другото, навел дека станува збор нешто што е спротивно на новинарската етика: „Промотивен текст односно реклама која не е означена како реклама и изгледа како новинарски текст и тоа во момент кога во јавноста е актуелна дебата околу подигање на уште една повеќекатница во центарот на градот...“ – се наведува во жалбата.

Стојановски во прилог навел и компјутерска снимка (скриншот) од објавата.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот и првичното разгледување на жалбата од страна на Комисијата, стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата, со потсетување и на можноста случајот да се реши и по пат на медијација. Притоа, детално беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека при известувањето е постапено неетички.

Од „Независен“, веднаш по приемот на дописот, одговорија дека ја прифаќаат жалбата како основана, дека станува збор за ненамерна грешка и дека се согласуваат со можноста спорот да се реши со медијација. Притоа, детално информираа како постапиле во случајот:

„Јасно е од содржината на текстот дека се работи за комерцијална објава. Поради наша грешка забелешката дека се работи за „комерцијален текст“ испаднала при објавувањето. Сето тоа е ненамерно, грешки се случуваат. Подоцна таа грешка беше исправена и на крајот од текстот пишува дека е комерцијален, како што правиме во други слични случаи. Ова е прва забелешка за „Независен“ за ваков случај, затоа што секогаш текстовите поврзани со комерцијална содржина биле соодветно означени“- се вели во одговорот на главниот и одговорен уредник Љупчо Поповски.

Притоа е наведен и линкот од кој се гледа дека грешката е исправена и содржината е означена како комерцијална објава.

Комисијата во дополнителна комуникација со подносителот на жалбата доби одговор дека и тој се согласува случајот да биде решен по пат на медијација.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби одлучи постапката по оваа жалба да заврши по пат на медијација, со оглед дека медиумот веднаш реагирал и ја исправил грешката, а и подносителот на жалбата и медиумот се согласија случајот да се затвори на овој начин.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

Комисијата го разгледа оспорениот текст, аргументите наведени од страна на подносителот на жалбата, како и одговорот на медиумот. Притоа, беше разговарано дека во првичниот текст имало прекршување на Член 6 од Кодексот на новинарите на Македонија, во кој меѓу другото стои дека треба да има **разграничување меѓу рекламирањето и новинарскиот текст**, како и тоа дека комерцијалните и политичките огласи, како и спонзорираните текстови треба да бидат видливо издвоени од уредувачките содржини и означени како такви со соодветни термини (платен простор, спонзорирана содржина, политичко огласување, рекламен спот и слично). Сепак, Комисијата констатира дека медиумот веднаш ја исправил грешката, односно новата верзија на текстот е објавена со соодветната назнака.

Освен тоа и „Независен“ и жалителот се согласија на тоа жалбата да се реши по пат на медијација. Комисијата ја поздрави таквата одлука на двете страни, потсетувајќи дека токму тоа е основната цел на саморегулацијата - медиумите самите да ги исправат грешките веднаш по нивното воочување. Саморегулацијата е најдобриот начин за изградба на довербата на граѓаните кон медиумите, а медиумите на тој начин се ослободуваат од натамошни сложени процедури кои се надвор од механизмите на саморегулацијата.

Комисијата на седницата потсети и на обврската на медиумите (член 3 од Кодексот) објавувањето на исправката на претходно објавен текст, секогаш да биде нагласено и проследено со појаснување на причината за исправката.

* * *

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Во согласност со наведеното, Комисијата едногласно одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Зеријета Јајага, Снежана Трпевска, Жана Божиновска и Тамара Чаусидис.

*Согласно член 8 од Статутот на СЕММ и член 18 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, медиумот е должен оваа одлука да ја објави во рок од три дена од добивањето на истото место каде што бил објавен и текстот со кој е прекршен Кодексот.*

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595